Врз основа на член 17 и член 38 од Статутот на Здружението за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА Скопје (во натамошниот текст: МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА) на седницата одржана на 16.9.2019 година, Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА ја донесе следната

# О Д Л У К А

**за формирање на Комисија за човечки ресурси како постојано работно тело во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА**

**Член 1**

Со оваа одлука се формира Комисија за човечки ресурси како постојано работно тело во рамки на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**Член 2**

Во рамките на Комисијата за човечки ресурси ќе членуваат членови од редот на членките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

**Член 3**

Начинот на работењето, организацијата, носењето на одлуки, мислења, ставови, препораки и заклучоци на Комисијата за човечки ресурси ќе се уредува со Деловодникот за организација и работење на Комисијата за човечки ресурси.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Скопје, 16.9.2019 година**

**СОБРАНИЕ НА МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Д-Р МАЈА СТЕВКОВА-ШТЕРИЕВА**

---------------------------------------

Здружение за остварување на заеднички интереси на банките и унапредување на нивното работење
МАКЕДОНСКА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА
Скопје

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Стручноста и квалитетот на вработените во финансискиот сектор претставува клучен фактор за напредокот во спроведувањето на стратешките цели на членките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА и за успешноста на деловните субјекти. Токму затоа потребно е да се посвети големо внимание на зајакнување на капацитетите за управување и развој на човечките ресурси во органите на членките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.

Решавањето на прашањата кои се однесуваат на одделенијата/секторите за управување со човечките ресурси не може да се спроведуваат на краток рок, туку само преку добри анализи и стратешки приод кон ова прашање може да се добијат очекуваните резултати.

Поради тоа се јавува потреба од формирање на постојано работно тело во рамките на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кое ќе се залага за создавање на стручен и квалитетен кадар и надминување на проблемот во однос на миграцијата на младиот кадар во станство преку усогласено донесување на одлуки, стратегии и решенија од областа на човечки ресурси.

Согласно горенаведеното Собранието на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА донесе Одлука за формирање на Комисија за човечки ресурси како постојано работно тело при МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА кое ќе се залага за реализирање на овие цели и олеснување и унапредување на работењето на членовите на МАКЕДОНСКАТА БАНКАРСКА АСОЦИЈАЦИЈА.